# ЕТАИ 2011



**Македонски Телеком и T-Mobile ја поддржаа јубилејната, 10. Меѓународна конференција ЕТАИ 2011 со која од 16 до 20 септември 2011 год. во Охрид, во хотелот „Метропол“, се одбележа и 30-годишниот јубилеј од формирањето на Друштвото за електроника, телекомуникации, автоматика и информатика – ЕТАИ.**

Конференциите на ЕТАИ претставуваат врвни собири на стручњаци од академската и од бизнис заедницата кои со својот интердисциплинарен карактер, опфаќаат широк спектар актуелни теми од теоретските и апликативните аспекти на електрониката, телекомуникациите, автоматиката и информатиката. Нивните програмски содржини ги отсликуваат тековните трендови на развој и примена на новите технологии, а со поддршката на ваков тип конференции и друштва, нашата компанија дава значаен придонес во дејноста од јавен интерес, промовирајќи ги овие области во поширок граѓански контекст и поттикнувајќи ја меѓународната соработка.